myVirtualCare Portal

# Упатство за пациенти и негуватели

**User guide for patients and carers** **Macedonian**

## Како да пристапам до myVirtualCare

Ќе добиете врска за да присуствувате на консултацијата. Отворете компатибилен прегледувач (видете го ПРАКТИЧНИОТ СОВЕТ подолу), потоа следете ја врската и чекорите за да се поврзете на вашата закажана консултација.

1. Внесете ги вашите податоци и идентификувајте ја вашата улога користејќи ја паѓачката листа.
2. Притиснете го копчето **Next (Следно)**.




### ПРАКТИЧЕН СОВЕТ

Дали успешно ќе се поврзете со myVirtualCare зависи од брзината на вашиот Интернет, вашиот компјутер и прегледувач. Брзината на преземање и ставање треба да изнесува најмалку 1Mbps. Можете да ја проверите брзината на поврзување на www.speedtest.net, а прегледувачот можете да го проверите на www.whatismybrowser.com

Повеќе информации за системските барања може да најдете на www.aci.health.nsw.gov.au/__data/assets/pdf_file/0018/630252/MyVirtualCare-Recommended-System-Requirements.pdf

Приближната употреба на податоци за 15-минутен видео повик е 80MB, а за аудио повик е 10MB.

### Компатибилност на прегледувач

| | |
|---|---|
| | Apple Safari верзија 11.1 и понови |
| | Google Chrome верзија 80+ |
| | Mozilla Firefox верзија 60+ |
| | Microsoft Edge верзија 80+ |

## Аудио и видео проверка

Пред да се приклучите на косултацијата, автоматски ќе ви биде побарано да ги тестирате вашите аудио и видео уреди.

1. Изберете го микрофонот што го сакате од паѓачкото **Audio Settings**.
2. Притиснете го копчето **Test Microphone**, кажете нешто и тоа што сте го кажале ќе го слушнете.
3. Изберете ја **Camera** која ја сакате **од** паѓачката листа на **Video Settings**, притиснете го копчето **Test Video**.
4. Ќе го видете видео-записот од вашата камера на екранот.
5. Откако ќе завршите со ова, притиснете го копчето **Next**.
6. Оценете го квалитетот на аудиото и видеото и притиснете го копчето **Finish (Заврши)**. Вашиот доктор ќе ги види резултатите од тестирањето на вашиот уред. Ако имате било какви технички проблеми да се поврзите, ве молиме контактирајте го вашиот доставувач на услуги.




NSW GOVERNMENT | Health

7. Внесете го времето кога ви е закажана консултацијата и ако ви биде побарано, изберете го вашиот доктор.

   На негувателите ќе им бидат поставени неколку дополнителни прашања.




8. Откако ќе се пријавите, ќе бидете префрлени во виртуелна чекална. Кога ќе влезете, вашиот доктор ќе добие известување дека чекате.




## Контроли за повикот за консултација

Овие контроли ќе бидат автоматски скриени на дното од прозорецот и повторно ќе се појават кога ќе го активирате екранот (придвижете го глувчето/допрете го екранот).




## Микрофон

Кога не зборувате, можете да го исклучите звукот на микрофонот.



## Разговор

Можете да разговарате ако пишувате во **Chat Window** и ако го притиснете копчето **Enter** на вашата тастатура или ако притиснете на иконата **Send (Испрати)**.




Исто така, можете да прикачите документи и фотографии преку прозорецот за разговор.

1. Притиснете ја иконата **paper clip**.
2. Притиснете го копчето **Choose file to upload** и потоа притиснете го копчето **Finish**.




## Завршување на консултацијата

Кога ќе заврши вашата консултација, едноставно притиснете го копчето за телефон во лентата **Call Control** која се наоѓа на дното на вашиот видео екран.



1. Притиснете го копчето **Yes**.

   Ќе бидете прашани да пополнете краток прашалник после вашата консултација. Ги цениме вашите коментари за вашето искуство.

Врска за консултации

Име на клиниката

Контактен број на клиниката

NSW GOVERNMENT | Health